РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СУ-01 бр. 3/22
14.01. 2022 год.



**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работата на Основен суд Велес**
**за 2021 година**

## Вовед

Основен суд Велес во текот на 2021 година својата функција како првостепен стварно и месно надлежен суд со проширена надлежност, ја извршуваше согласно Законот за судовите.

Функцијата Претседател на судот ја извршуваше судијата Лидија Димова.

За заменик на Претседателот на судот беше определена судијата Габриела Гајдова.

Работата во Основен суд Велес беше организирана во два судски оддели: Кривичен и Граѓански судски оддел. За секој оддел Претседателот на судот определи претседатели на оддели и нивни заменици.

За Претседател на кривичен оддел беше определена судија Габриела Гајдова, а за заменик судијата Аница Теова.

За Претседател на граѓанскиот оддел беше определена судијата Валентина Петровска, а за заменик судијата Александар Шопов.

## 1. Работа по предмети

Во текот на 2021 година по предметите постапуваа 13 судии и тоа во кривичниот оддел 7 судии и во граѓанскиот оддел 6 судии.

Од Кривичниот оддел во кој постапуваа тројца судии по прекршочни предмети, во текот на 2020 година со Решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија судијата Бојанчо Донев беше упатен судиската функција да ја врши во Основниот суд Неготино за период од една година сметано од 01.10.2020 година, а со Решение бр.02-1365/4 од 29.09.2021 година повторно беше упатен судиската функција да ја врши во Основниот суд Неготино за период од уште една година сметано од 01.10.2021 година, така што во судот, така што и во 2021 година Кривичниот оддел по прекршочните предмети продолжија да постапуваат судиите Емина Калач и Дејан Перчинковски.

Во текот на 2021 година, покрај судијата Бојанчо Донев еден судија од граѓанскиот оддел, односно судијата Дара Арсова која постапуваше по стечајни и граѓански предмети, со Решение бр.02-466/1 од 12.03.2021 година на Судскиот совет на Република Северна Македонија, времено беше упатена да ја врши судиската функција во Основниот суд Кавадарци од 12.03.2021 година за период од една година.

Поради тоа, во кривичниот оддел постапуваа 7 судии и тоа: Габриела Гајдова, Шефшет Адеми, Валентина Ѓорѓиевска, Аница Теова, Дејан Перчинковски, Емина Калач и Ангел Трипчев.

Во текот на годината по предмети од уписниците ПРК-С постапуваа и судиите од Кривичниот оддел Габриела Гајдова, Шефшет Адеми и Валентина Ѓорѓиевска со автоматска прераспределба на новопримени предмети од уписниците ПРК-С од судиите Емина Калач И Дејан Перчинковски во кои не беа преземени процесни дејствија, како и судиите од граѓанскиот оддел и тоа Александар Шопов и Валентина Петровска од 20.09.2021 година и Виолета Мојсова, Лорета Тодорова и Наташа Мишева од 07.10.2021 година на новопримени предмети.

Судиите Ангел Трипчев и Валентина Ѓорѓиевска постапуваа и по останати предмети од уписниците граѓанскиот оддел.

Во граѓанскиот оддел по новопримени предмети постапуваа 6 судии и тоа: Виолета Мојсова, Лорета Тодорова, Наташа Мишева, Биљана Јачева, Валентина Петровска и Александар Шопов.

Работата на судот по предмети во текот на 2021 година е прикажана во следната табела:

| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТС | 8 | 3 | 2 | | 5 | 13 | 9 | 4 |
| ТС1 | 14 | 11 | 2 | | 13 | 27 | 18 | 9 |
| МАЛВ-ТС | 2 | 13 | 2 | 1 | 14 | 16 | 14 | 2 |
| МАЛВПЛ1-ТС | 14 | 30 | 1 | | 31 | 45 | 40 | 5 |
| ПЛ1-ТС | 13 | 17 | 4 | | 21 | 34 | 29 | 5 |
| ПЛ-ТС | 1 | 1 | | | 1 | 2 | 2 | |
| СТ | 72 | 30 | 8 | | 38 | 110 | 38 | 72 |
| СТ-МАЛВТС | | 2 | | | 2 | 2 | 2 | |
| СТ-ПЛ1-П | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| СТ-ПЛ1-ТС | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| СТ-РО | 1 | | 1 | | 1 | 2 | 1 | 1 |
| СТ-ТС | 40 | 28 | 4 | | 32 | 72 | 52 | 20 |
| СТС | | | | | | | | |
| Л | | 2 | 1 | | 3 | 3 | 3 | |
| *Вкупно трговски предмети* | 165 | 139 | 25 | 1 | 163 | 328 | 210 | 118 |
| П1 | 25 | 41 | 9 | | 50 | 75 | 48 | 27 |
| П3 | 3 | 5 | 1 | | 6 | 9 | 8 | 1 |
| П4 | 31 | 38 | 8 | | 46 | 77 | 54 | 23 |
| П5 | 1 | 12 | | | 12 | 13 | 10 | 3 |
| П2 | 52 | 164 | 1 | | 165 | 217 | 174 | 43 |
| РО | 80 | 169 | 23 | | 192 | 272 | 154 | 118 |
| МАЛВ-П | 58 | 195 | 12 | | 207 | 265 | 218 | 47 |
| МАЛВПЛ1-П | 4 | 17 | 3 | | 20 | 24 | 20 | 4 |
| *Вкупно парнични предмети* | 254 | 641 | 57 | | 698 | 952 | 686 | 266 |
| РП | 1 | 4 | 1 | | 5 | 6 | 5 | 1 |
| РТС | | 3 | | | 3 | 3 | 1 | 2 |
| РПЛ | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| *Вкупно разни парнични предмети* | 1 | 8 | 1 | | 9 | 10 | 7 | 3 |
| ППНИ | 1 | 69 | 4 | 3 | 70 | 71 | 69 | 2 |
| ИДС | | 4 | | | 4 | 4 | 4 | |
| ПИ | | 2 | | | 2 | 2 | 2 | |
| *Вкупно извршувања* | 1 | 75 | 4 | 3 | 76 | 77 | 75 | 2 |
| ВПП | 11 | 33 | 1 | | 34 | 45 | 39 | 6 |
| ВПП1 | 8 | 8 | 2 | | 10 | 18 | 13 | 5 |
| ВПП2 | | 54 | 3 | | 57 | 57 | 57 | |
| РВПП | | 4 | | | 4 | 4 | 3 | 1 |
| ОДС | | 3 | 2 | | 5 | 5 | 4 | 1 |
| О | 1 | 406 | | | 406 | 407 | 402 | 5 |
| О1 | | 2 | | | 2 | 2 | 1 | 1 |
| ПСО | | 21 | | | 21 | 21 | 21 | |
| ПСО1 | | 2 | | | 2 | 2 | 1 | 1 |
| ЗАВ-Х | | 2377 | | | 2377 | 2377 | 2377 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЗАВ | | 17 | | | 17 | 17 | 17 | |
| ПОМ | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| ЗАМ-С | | 20 | | | 20 | 20 | 18 | 2 |
| *Вкупно вонпроцесни предмети* | 20 | 2948 | 8 | | 2956 | 2976 | 2954 | 22 |
| Нотари | 416 | 726 | 1 | | 727 | 1143 | 771 | 372 |
| ***Вкупно граѓански оддел*** | **857** | **4537** | **96** | **4** | **4629** | **5486** | **4703** | **783** |

| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| К | 128 | 397 | 51 | | 448 | 576 | 454 | 122 |
| К-ООА | 2 | 45 | | | 45 | 47 | 41 | 6 |
| К-ПП | | 250 | | | 250 | 250 | 250 | |
| КНЗД | | | | | | | | |
| УОСК | | 4 | | | 4 | 4 | 4 | |
| *Вкупно претходна постапка* | 2 | 299 | | | 299 | 301 | 295 | 6 |
| КС | | 41 | | | 41 | 41 | 40 | 1 |
| КСП | | 38 | | | 38 | 38 | 38 | |
| КС-КР | 10 | 239 | 7 | 1 | 245 | 255 | 243 | 12 |
| КУК | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| КП | 1 | 28 | | 1 | 27 | 28 | 26 | 2 |
| К-ПОВ | 2 | 25 | 1 | | 26 | 28 | 27 | 1 |
| УО | 2 | 42 | | | 42 | 44 | 43 | 1 |
| ЕК | 8 | | | | | 8 | 7 | 1 |
| *Вкупно кривичен совет* | 23 | 414 | 8 | 2 | 420 | 443 | 425 | 18 |
| ЗАМ-К | | 10 | | | 10 | 10 | 9 | 1 |
| КР | | 5888 | | 1 | 5887 | 5887 | 5887 | |
| КМ | 11 | 16 | | | 16 | 27 | 14 | 13 |
| КРМ | 3 | 56 | | | 56 | 59 | 55 | 4 |
| КСМ | 3 | 16 | | | 16 | 19 | 19 | |
| *Вкупно кривични малолетни* | 17 | 88 | | | 88 | 105 | 88 | 17 |
| ПРК-М | 92 | 254 | | | 254 | 346 | 266 | 80 |
| ПРК-Ј | 105 | 154 | 9 | | 163 | 268 | 173 | 95 |
| ПРК-С | 477 | 4011 | 40 | 4 | 4047 | 4524 | 3168 | 1356 |
| ПРК-О | 51 | 86 | 9 | 1 | 94 | 145 | 99 | 46 |
| ПРК-Р | | 724 | | | 724 | 724 | 724 | |
| ПРК-ПОВ | | 4 | | | 4 | 4 | 4 | |
| *Вкупно прекршочни предмети* | 725 | 5233 | 58 | 5 | 5286 | 6011 | 4434 | 1577 |
| КУИКП | 36 | 232 | | | 232 | 268 | 224 | 44 |
| КУИКМ | | 9 | | | 9 | 9 | 9 | |
| ИПРК | 66 | 836 | | | 836 | 902 | 857 | 45 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИКП | 237 | 215 | 1 | | 216 | 453 | 337 | 116 |
| ИСАМ | | 506 | | | 506 | 506 | 506 | |
| ИОИП | 86 | 117 | | | 117 | 203 | 203 | |
| ПК | | 2 | | | 2 | 2 | 1 | 1 |
| *Вкупно извршување санкции* | 425 | 1917 | 1 | | 1918 | 2343 | 2137 | 206 |
| ***Вкупно кривичен оддел*** | **1320** | **14246** | **118** | **8** | **14356** | **15676** | **13729** | **1947** |

Работата на судот по предметите од судска управа за 2021 година е прикажана во следната табела:

| | Нерешени предмети | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СУ - СУ-07** | 2 | 949 | | 949 | 951 | 945 | 6 |
| **СУ-ДОВ и СУ-СТР-ДОВ** | | 9 | | 9 | 9 | 9 | |
| **СУ-ИЗЗ** | | 46 | | 46 | 46 | 46 | |
| **УПП** | | 11 | | 11 | 11 | 11 | |
| **СПИ** | 1 | 29 | | 29 | 30 | 29 | 1 |
| ***Вкупно административна работа*** | **3** | **1044** | | **1044** | **1047** | **1040** | **7** |

Состојбата со предметите на ниво на суд во Граѓански и Кривичен оддел и административната работа на судот (судска управа) за 2021 година е прикажана во следната табела:

| | **Нерешени предмети** | **Новопримени предмети** | **Повторно заведени** | **Погрешно заведени** | **Вкупно предмети во работа** | **Вкупно решени предмети** | **Останати нерешени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно предмети граѓански оддел** | **857** | **4.537** | **96** | **4** | **5.486** | **4.703** | **783** |
| **Вкупно предмети кривичен оддел** | **1320** | **14.246** | **118** | **8** | **15.767** | **13.729** | **1.947** |
| **Вкупно судска управа** | **3** | **1.044** | | | **1.047** | **1.040** | **7** |
| ***ВКУПНО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД*** | **2.180** | **19.827** | **214** | **12** | **22.209** | **19.472** | **2.737** |

Врз основа на податоците прикажани последната табела во текот на 2021 година судот не успеа да го совлада приливот за 557 предмети, што се должи на зголемениот прилив на прекршочни предмети од уписникот ПРК-С во третото и четвртото тромесечие од извештајната 2021 година, во врска со кој иако во два наврати се донесоа Одлуки за измена и дополнување на Годишниот распоред за работа и во постапувањето на овие предмети беа вклучени уште тројца (3) судии од Кривичниот оддел и пет (5) од Граѓанскиот оддел до крајот на годината приливот на предмети не се совлада.

Споредбено, во Извештајната 2020 година состојбата со предметите во Граѓанскиот и Кривичен оддел и административната работа на судот (судска управа), виден е зголемениот прилив на предмети во Граѓанскиот оддел, во предмети на административната работа на судот (судска управа) и особено во невообичено зголемениот прилив на предметите од уписникот ПРК-С, во третото и четвртo тромесечие што беше причина на крајот на годината да не може да се совлада приливот и се намали остатокот на нерешени предмети.

Споредбените податоци со примени и решени предмети на ниво на суд се прикажани во следната табела:

| | Нерешени предмети | Новопримени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно предмети граѓански оддел** | **837** | **3.141** | **110** | **5** | **4.083** | **3.226** | **857** |
| **Вкупно предмети кривичен оддел** | **1.445** | **9.043** | **91** | **1** | **10.578** | **9.258** | **1.320** |
| **Вкупно судска управа** | **22** | **1.037** | | | **1.059** | **1.056** | **3** |
| ***ВКУПНО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД*** | **2.304** | **13.221** | **201** | **6** | **15.720** | **13.540** | **2.180** |

Така, ако почетокот на 2020 година кога судот остана со нерешени 2304 предмети од преходната година, во текот на годината прими вкупно 13.416 предмети (со што во работа имаше вкупно 15.720 предмети) од кои реши 13.540 предмети со остатокот на нерешени 2.180 предмети, судот го совлада приливот и беше ажурен суд.

За разлика од 2020 година, судот 2021 година ја започна со остаток на 2.180 нерешени предмети, но прими вкупно 20.029 предмет или 6.613 предмети повеќе од 2020 година ( со што во работа имаше вкупно 20.209) од кои со

зголемен ангажман на судиите и судските службеници реши 19.472 предмети (или 5932 предмети повеќе од 2020 година) сепак не успеа да го совлада приливот и го намали остатокот за уште 557 предмети.

Во текот на 2021 година постапено е и по вкупно 1.257 барања дека не е одземена деловна способност и не е одземено родителско право и издадени се 1.257 потврди кои се евидентирани во евидентна книга Р1, а се издавани согласно чл.224 од Судскиот деловник и не се прикажуваат како предмети во работа во месечните, тримесечните, шестомесечниот и годишниот извешај за работата на судот.

## 2. Човечки ресурси

Со одлука на Судскиот совет на РСМ од 26.11.2015 година, утврдено е судиската функција во Основен суд Велес да ја извршуваат 18 судии.

Во текот на 2021 година беа пополнети 16 судиски места, заедно со местото Претседател на судот. Со одлука на Суски совет еден судија од месец март беше делегиран во Основен суд Кавадарци и еден судија во текот на цела година беше делегиран во Основен суд Неготино.

Во поглед на состојбата со вработени во судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Велес предвидени се вкупно 114 работни места, а на крајот на годината пополнети се 50 работни места.

Планирањето на нови вработувања е со Годишнен план за вработувања за 2021 година. Во 2021 година на судот му беа одобрени 3 вработувања и тоа за 2 судски службеници 1 за работно место Самостоен референт-извршител во одделение за информатика и 1 за работно место Помлад удски референт-извршител во писарница и 1 Хаус мајстор. Согласно одобрените финасиски средства за вработување во 2021 година со јавен оглас на неопределено работно време беше вработен 1 хаус мајстор, а постпаката за вработување на судските службеници не заврши до крајот на годината.

Со Годишниот план беше одобрено и унапредување на 5 судски службеници и тоа 3 за работно место Судски советник и 2 за работно месcто Виш судски референт-извршител во писарница. Постапката по интерниот оглс за унапредување беше завршена и 2 судски службеници од работно место Судски соработник и 1 судски службеник од работно место Помлад судски соработник беа унапредени во работно место Судски советник и 2 судки службеници од работно место Помлад судски референт-извршител во писарница беа унапредени во работно место Виш судски референт-извршител во писарница.

За 2021 година на судот му беа одобрени средства за вработување на 4 судски службеници на определено работно време и тоа 2 за работно место Судски референт - дактилограф, 1 за работно место Помлад удски референт-извршител во писарница и 1 за работно место Помлад судски референт-доставувач. По објавен оглас склучени се договори за вработување на определено работно време од 08.03.2021 година до 31.12.2021 година со четири судски службеници и истите беа распоредени на работа согласно работните места.

Од 05.07.2021 година со превземање од Основен суд Куманово беше вработен еден судски службени Судски соработник.

Работата на судските службеници во рамки на одделите беше организирана во судски писарници.

- Во приемната писарница работеа двајца судски службеници од кој еден на скенирање на иницијални акти, поднесоци и евиденција на вратените доставници во АКМИС, а другиот на прием на писмена непосредно од странки и по пошта.

- Во рамки на Кривичниот оддел, во кривичната писарница беше распореден еден судски службеник кој постапуваше по кривични предмети против полнолетни лица, по предмети од уписникот КР- издавање уверенија, ја водеше казнената евиденција, постапуваше по предмети од претходна постапка, предмети од кривичен совет и предмети против малолетни лица. По предметите за извршување санкции постапуваше еден судски службеник. Во прекршочната писарница работеа двајца судски службеници од кои едниот го водеше и Контролниците за наплата на парична казна, трошоци и паушал. Во кривичниот оддел беше распоредем еден судски службеник кој им помагаше особено во делот на изготвување на уверенијата и потврдите од кривичната и казненеат евиденција.

- Во рамки на Граѓанскиот оддел, во граѓанската писарница беше распореден еден судски службеник, во писарницата за трговски спорови еден судски службеник, кој постапуваше и по оставински и вонпарнични предмети и во писарницата за платни налози еден судски службеник. Во рамки на граѓанскиот оддел судските службеници издаваа потврди, согласно член 224 од Судскиот деловник, кои се заведуваа во АКМИС во евидентна книга Р1 така што во 2021 годината издадени се вкупно 1.257 потврди дека не е одземено родителско право и дека не е одземена деловна способност.

На секој судија според Распоред за работа на вработените во судската служба за 2021 година му беше распореден стручен судски службеник, со тоа што во зависност од обемот на предмети во работа, дел од нив беа распоредени да работат со еден судија, а останатите со двајца судии.

На секој судија според Распоред за работа на вработените во судската служба за 2021 година му беше распореден судски референт-дактилограф. По престаникот на работниот однос на дактилографи и во случај на отсуство на дактилографи од оправдани причини (боледувањеи сл.) се правеше посебен распоред при што се водеше сметка да се обезбедат услови за одржување на закажаните раправи и рочишта. Во текот на годината доставата ја вршеа 4 судски доставувачи.

Во текот на годината во судот се постапуваше согласно Судскиот деловник и Внатрешните процедури за одделни процеси при управувањето со движењето на предметите и според месечните извештаи на Работното тело не е констатиран посериозен застој во движењето на предметите. Најголем застој во движењето на предметите и тоа особено во третиот и четвртиот квартал се јави кај прекршочните предмети поради големиот прилив на предмети. Состојбата со пандемијата предизвикана од вируот Ковид 19 доведуваше во одредени преиоди, поради болест, да отуствуваат од работа повеќе судски службеници, што доведуваше до застој во движењето на предметите.

На еден Одржувач на хигиена и престана работниот однос на ден 18.11.2021 година со откажување на договорот за вработување поради неоправдано отсуство од работа три последователни работни дена.

За безбедносната состојба на зградата, вработените и предметите во судот, се грижеше судската полиција и тоа: Командир на судската полиција и шест припадници на судската полиција кои се грижеа за безбедноста на вработените и странките во судот и ја обезбедуваа зградата 24 часа.

**3. Усогласување на судска пракса**

Во текот на 2021 година, редовно по истек на календарскиот месец се одржуваа седници на судии и седници на оддели на кои се донесуваа заклучоци, се заземаа ставови по одредени правни прашања од значење за функционирање на судот, на одделот и извршување на програмата за работа и прашања за невоедначена судкса прака во слични правни работи во врска со кои претседателот на судот со писмени дписи го известуваше второстепениот суд.

Во текот на годината одржани се вкупно 15 седници на судии на кои се разгледуваше работата на судот преку анализа на периодичните извештаи со посебен осврт на старите предмети, усогласување на работата на одделите, давање мислења од надлежност на седницата на судии и за други прашања за работата на судот.

Во текот на годината беа одржани 15 седници на Кривичен оддел, на кои се донесен 4 (четири) заклучоци и тоа:

- 1 заклучок на седница одржана на 08.06.2021 година дека во АКМИС кога се работи за правосилност на пресуда со која е издаден казнен налог да се стави забелешка за датумот на правосилност и датумот од забелешката да се констатира на одлуката, од причина што одлуката се верификува по истекот на рокот за приговор, кога истата фактички е правосилна и за ваквата состојба да се извести Работното тело за стандардизација на постапките.
- 1 заклучок на седница одржана на 09.07.2021 година кои се однесуваат за постапување на судските службеници од кривичната писарница и тоа, кога судскиот службеник ќе заведе предмет во уписник КС-КР кој се однесува на бришење на податоци од казнена евиденција, веднаш да заведе и предмет во уписник КР и потврдата од казнената евиденција и известување за податоци од кривична евиденција да ја достави заедно со предметот од уписникот КС-КР.
- 1 заклучок на седница одржана на 30.09.2021 година во однос на текстот на потврдата од казнена евиденција дека треба да стои „на територија на РСМ".
- 1 заклучок на седница одржана на 09.12.2021 година кој се однесува на постапувањето на барања од Канцеларијата за пробација, дека судијата кој ја донел одлуката ја доставува до канцеларијата, а не судијата за извршување на санкции.

Во текот на годината беа одржани 11 седници на Граѓанскиот оддел и нема донесено заклучоци.

По иницијатива поднесена од Седница на судии преку Претседателот на судот СУ.бр.20-2/21 од 02.03.2021 година, Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница одржана на 13.07.2021 година утврди Начелно

мислење, со кое се прифати постапување на Основниот суд Велес дека Кривичниот совет за деца е надлежен да постапува по поднесено барање за обештетување на дете за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва и на кое му е признато имотноправно побарување, независо од тоа дали правосилната судска одлука со која е одлучено е донесена од кривичен, прекршочен или парничен судија.

Со годишниот распоред за работа за 2021 година, судијата Виолета Мојсова беше определена за Судија за судска практика, овластена да ја усогласува работата на судските оддели која се однесуваат на евиденција и проучување на судската практика и во согласност со донесениот План за судска пракса ги следеше објавените билтени на судска пракса како и сите поединечни одлуки на повисоките судови по редовни и вонредни правни лекови, вршеше нивна класификација по правни основи и ги евидентираше и објавуваше во електронска форма заради нивна достапност до сите судии и стручни соработници во судот.

Во текот на 2021 година во судот немаше посета од Апелациониот суд Скопје и Врховен суд на РСМ.

На ден 08.06.2021година во судот имаше посета од страна на Судскиот совет на РСМ и се вршеше увид во предмети.

Од страна на Комисија од Министерството за правда беше направена контрола во врска со работењето на судот на ден 16.12.2021 год.

Заради разгледување на актуелни прашања поврзани со работата на судот, во 2021 година Претседателот на судот одржа 3 работни состаноци со сите нотари со седиште во Велес.

## 4. Односи со јавноста

Во Основен суд Велес со Годишен распоред за работа за 2021 година за портпарол на судот беше определена судијата Габриела Гајдова.

Во судот е организирана и Канцеларија за односи со јавноста со која во текот на годината постапуваше еден стручен судски службеник кој одговараше на поставените прашања на веб страната на судот.

Во текот на годината беше одговорено на 37 прашања на граѓани поставени на веб страната на судот. На прашањата веднаш е одговорено, а истите се однесуваа на информации за конкретни предмети, начинот на плаќање на судски такси и надлежност на судот при издавање на уверенија од кривична и казнена евиденција. Исто така доставени се и 28 известувања и барања за одлагање на рочишта кои од страна на одговорното лице од канцеларијата се доставувани до судиите.

Претседателот на судот и портпаролот на судот на барање на новинари даваа потребни изјави и одговори на поставени прашања за постапките по предмети и други прашања поврзани со работата на судот, а кои се од интерес за јавноста.

Прес-конференции во текот на 2021 година не беа одржани, а на веб страната на судот во текот на годината беа објавувани поважни известувања за странките и соопштенија за донесени одлуки по конкретни предмети кои беа од интерес на јавноста и медиумите, со цел нивно навремено и правилно информирање.

На веб страната на судот се објавуваа и податоци за организација на судот и работата на судиите по области, ажурирано согласно промените на Годишниот распоред за работа во текот на годината, така беа објавени вкупно 5 соопштенија за јавност.

По оценка на совети во кривични предмети или на судијата поединец, одобрувано е следење на главните расправи од страна на новинари со цел известување за текот на кривичните постапки за кои е заитересирана јавноста.

За постапување по барања поднесени согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за службено лице за посредување со информации од уписник СПИ беше определен Судски соработник, која во текот на извештајната година постапила по 30 предмети во рокови предвидени со законот, а податоците се обезбедувани од судските писарници, преку увид во списи на предмети и од податоци од програмот АКМИС. Од поднесените барања, позитивно е одговорено на 29 барања, а на 1 барање не е одговорено од причина што барањето е примено во судот на ден 17.12.2021 година и поради обемноста на податоците кои треба да се проверат неможеше да се одговори до крајот на годината.

На веб страната на судот во текот на 2021 година објавени се 535 правосилни анонимизирани одлуки. Процедурата во програмот АКМИС за анонимизација и објавување на одлуките на веб страната на судот е поедноставена, но и понатаму одлуки од уписниците ПРК-С, ПРК-О, ПРК-Ј, ПЗ и МАЛВТС не постои опција овие предмети да се анонимизираат и објавуваат.

Во текот на годината поради состојбата со пандемијата предизикана од вирусот КОВИД 19 немаше посета на ученици од училиштата од градот.

Со цел да се придонесе кон поголема отвореност на судот спрема јавноста, Европскиот ден на граѓанската правда 25-ти октомври 2021 година, беше одбележан со организирање на отворен ден за граѓаните. Поради пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 судот во соработка со основните и средните училишта во општината и локалните медиуми Европскиот ден на правдата го организираше со:

-визулена посета на судот преку видео запис,

-презентација за значењето на овој ден, надлежноста, организацијата и историјатот на Основниот суд Велес, како и

-презентација за Вовед на правото на правична судска постапка согласно член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права,

Покрај тоа, судот на својата веб страна врз основа на соопштение за јавноста, ги стави достапни за секој граѓанин визуелната посета и презентациите преку кои би можеле сите заинтересирани граѓани да се доближат до правдата и се запознаат со нивните основни права.

По барање на Здружение на граѓански младински образовен форум на ден 23.12.2021 год. беше извршена посета во судот од страна на членови на здружението каде од страна на претседателот на судот, заменик претседател

на судот и судскиот администратор им беше презентирана надлежноста, организацијата и работењето на судот.

Во текот на 2021 година судиите физички не учествуваа на меѓународни конференции, обуки и студиски посети во странство.

## 5. Информатичка технологија

Информатичката технологија во судот се користеше од судиите и судските службеници во сите фази на постапката.

Информатичката опрема со која располага судот ги задоволува потребите на судот и овозможува целосна примена на Судскиот деловник во однос на скенирање на поднесоците и формирање на електронско досие на предметот.

Во текот на 2021 година се вршеше скенирање на сите иницијални акти и поднесоци, со што се формира електронско досие на предметите. Со скенирањето и формирање на електронско досие се зголемува базата на АКМИС, па се јавува потреба податоците да се чуваат и на посебен сервер.

Извештаите за работата на судот и за работата на судиите, се изготвуваа од Апликација за извештаи, а врз основа на податоци од програмот АКМИС. Во однос на евиденцијата на примени и решени предмети, се постапуваше согласно Судскиот деловник и упатствата на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите.

Во судот во целост се користеше електронската достава преку која до странките корисници на електронско сандаче се доставуваа скенираните иницијални акти, поднесоци и одлуките од судот.Со електронската достава зголемена е ефикасноста, ажурноста и уредноста на приемот на доставените писмена и покани за рочишта. Во 2021 година преку електронска достава, беа доставни вкупно 9.623 писмена и покани.

Судиите, дактилографите, судските службеници во писарниците и стручните судски службеници, работните задачи ги извршуваа на компјутери, со тоа што секој од нив има свој компјутер. Сите судиите, стручните судски службеници и дел од судските службеници имаа пристап на интернет.

Во 2021 година за излез на лице место беа обезбедени два лап топ компјутери и два преносени печатари, кој служи за печатење на записниците на лице место.

Во текот на годината активно се ажурираше веб страницата на судот на која покрај календарот на судења, се објавуваа и судските одлуки согласно законската обврска на судот, како и соопштенија за јавноста.

Писмената комуникација помеѓу Канцеларијата на Претседателот на судот и судиите во текот на 2021 година се одвиваше електронски на службените e-mail адреси.

Целокупната евиденција и сите извештаи се водеа и креираа единствено преку програмот АКМИС. Програмот АКМИС во текот на досегашната примена со надградбата и усвоените предлози за подобрување на неговото работење, покажа позитивни ефекти. Единствен проблем со кој се соочува судот е недостатокот на човечки ресурси, посебно во делот на постапувањето со информатичката технологија од причина што софтверот, одржувањето на компјутерите, печатарите и опремата за тонско снимање, ја врши еден судски службеник Раководител на одделение за информатика. Истиот работи и на креирање на извештаи преку програмот АКМИС, ги обучува и дава помош на судиите и вработените во текот на работното време при постапување со предмети во АКМИС.

За техничките проблеми кои се јавуваат при постапувањето по предметите или при креирање на извештаи во програмот АКМИС, се бараше помош и подршка од фирмата ЕДУСОФТ.

Во судот се користи и апликација за тонско снимање на рочишта „СРС ФЕМИДА“ која е инсталирана во три судници и се користи од судиите од граѓанскиот оддел кои постапуваат по предмети согласно Законот за парничната постапка и согласно распоред на судници по денови и судии.

Сметководственото работење во судот се врши од еден судски службеник преку АБМС системот во кој се води и магацинското работење, а кој истовремено ја врши работата на благајник во судот. Раководителот на одделението за информатика е вклучен и во давање помош при работењето и на овој систем.

Одржувањето на компјутерите и печатарите во текот на 2021 година се вршеше со нивно сервисирање и поправки.

## 6. Опременост и одржување на зградата на судот

Во Зградата на Основен суд Велес, на вториот кат се сместени Основното Јавно обвинителство на кое се отстапени 9 простории, а на Државното правобранителство 3 простории на користење. Сметките за потреошена електрична енергија за просториите кои ги користи ОЈО Велес се исплаќаат од нивни средства, додека останатите трошоци, за вода и греење ги подмирува судот. Државното правобранителство не плаќа дел од трошоците за електрична енергија, вода и греење за просториите кои ги користи и тие средста паѓаат на товар на судот.

Зградата во која работи судот е реновирана и е во добра состојба. Сите простории се опремени со мебел, а реновирани се и архивите во кои се сместени метални плакари. Во архивите и во ходникот се поставени подни плочки.

Секоја просторија во судот има клима-уред, судниците се современо опремени а во три судници е инсталиран систем за тонско снимање.

Судиите и судската администрација своите работи и работни задачи ги извршуваат во просторни услови кои ги задоволуваат стандардите. Секој судија има своја канцеларија, а по двајца стручни судски службеници се сместени во

една канцеларии. Шалтерите се опремени со мебел и опрема која ги задоволува потребите на службениците кои работат во нив. Дактилографите се сместени во простории со мебел кој ги задоволува нивните потреби и имаат компјутери и печатари кои придонесуваат за поажурно администрирање со предметите.

Расправите и рочиштата по предметите се одржуваа во осум опремени судници. Сите судии ррасправите и рочиштата ги одржуваат во судница по распоред за користење на судниците донесен од Претседателот на судот.

За безбедносната состојба на зградата, вработените и предметите во судот се грижеше судската полиција и тоа: Командирот на судската полиција и шест судски полицајци кои ја обезбедуваа зградата во текот на 24 часа. Обезбедувањето беше вршено преку метал-детектор врата и 16 видео-камери.

Предметите по кои се постапува се чуваат во судските писарници и во канелариите на судиите во ормани, кои на крајот од работното време се заклучуваат. Архивираните предмети се чуваат во метални ормани во архивите што се сместени во подрумските простории.

Во судот има доволен број на противпожарни апарати и хидро систем за гасење на пожари кои се одржуваат согласно стандардите.

## 7. Јавни набавки

Согласно Годишниот план за јавни набавки за 2021 година, врз основа на одобрените средства со Буџетот на Основен суд Велес за 2021 година беа планирании и спроведени две (2) постапки по огласи за јавни набавки на ЕСЈН и тоа:

1. За набавка на електрична енергија беа планирани средства во износ од 650.000,00 денари без ДДВ или износ од 767.000,00 денари со ДДВ. Договорот е склучен на износ од 279.303,48 денари без ДДВ или износ од 329.578,11 денари со ДДВ со ДПТУ МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, а исплатена е сума во износ од 178.344,00 денари со ДДВ од страна на Основен суд Велес заклучно со 30.11.2021 година. Договорот е раскинат на 01.12.2021 година.
2. За набавка на нафта за греење беа планирани средства во износ од 1.200.000,00 денари без ДДВ или износ од 1.416.000,00 денари со ДДВ, за кој износ е склучен договор соДППУ СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз од Скопје. Исплатена е сума во износ од 1.082.083,00 денари со ДДВ од страна на Основен суд Велес, за испорачани 20.000,00 литри нафта. Разликата помеѓу планираните средства, цената според склучениот договор и цената при набавките за исплата на договорот, произлегуваат од цената на нафтата која е променлива според одлуки на Регулаторната комисија за енергетика во моментот на планирањето, склучувањето на договорот и реализација на набавката.

Во текот на годината од одобрените средства со Буџетот на Основен суд Велес за 2021 година, беа донесени 23 одлуки за набавки чија проценета вредност без ДДВ, не е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги односно 5.000 евра во денарска противвредност за следните работи:

1. За технички преглед и одржување и сервисирање на хидраулична платформа-лифт, исплатена е сума во износ од 12.980,00 денари.

2. За набавка- поправка и сервис на парен котел, исплатена е сума во износ од 15.659,00 денари.

3. За набавка на канцелариски материјали, исплатена е сума во износ од 70.792,00 денари.

4. За набавка на печатарски услуги, исплатена е сума во износ од 52.335,00 денари.

5. За набавка-поправка и сервисирање на клима уреди, исплатена е сума во износ од 14.400,00 денари.

6. За набавка на материјали за одржување на зградата и опремата, исплатена е сума во износ од 70.367,00 денари.

7. За набавка- поправка и сервисирање на печатачи, компјутерска опрема, скенери и фотокопери, исплатена е сума во износ од 25.606,00 денари.

8. За набавка-Осигурување од автоодговорност со осигурување на возач и 4 патника и целосно каско осигурување (без франшиза) на службено патничко моторно возило PEUGEOT 308 1.6 HDI, исплатена е сума во износ од 22.595,00 денари.

9. За набавка на средства за хигиена, исплатена е сума во износ од 67.634,00 денари.

10. За набавка на компјутерски материјали за одржување на компјутерите, исплатена е сума во износ од 27.690,00 денари.

11. За набавка на онлајн пристап до Академика-електронска збирка на важечки прописи во РСМ, исплатена е сума во износ од 15.204,00 денари.

12. За набавка-поправка и сервисирање на службено патничко моторно возило PEUGEOT 308 1.6 HDI, исплатена е сума во износ од 8.931,00 денари.

13. За набавка-редовно сервисирање на противпожарни апарати, исплатена е сума во износ од 4.307,00 денари.

14. За набавка на тонери, исплатена е сума во износ од 70.640,00 денари.

15. За набавка на Дизел гориво- ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е V)., исплатена е сума во износ од 20.000,00 денари.

16. За набавка-обнова на регистрација на доменот osveles.mk., исплатена е сума во износ од 472,00 денари.

17. За набавка-склучување полиса за осигурување за основните средства, исплатена е сума во износ од 13.220,00 денари.

18. За набавка на канцелариски јарбол и знаме на РСМ, исплатена е сума во износ од 6.153,00 денари.

19. За набавка на зимзелени дрвца, исплатена е сума во износ од 14.200,00 денари.

20. За набавка-реновирање на дел од оштетена фасада на судската зграда, исплатена е сума во износ од 69.620,00 денари.

21. За набавка на новогодишни честитки, исплатена е сума во износ од 2.650,00 денари.

22. За набавка на роковници за судии, исплатена е сума во износ од 6.500,00 денари.

23. За набавка на лаптоп, исплатена е сума во износ од 17.980,00 денари.

Прикажаните износи на исплата на овие набавки од страна на Основен суд Велес, се со вклучен ДДВ.

Со одлука на Судскиот буџетски совет за спроведување на групни јавни набавки за 2021 година, кои беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки на Основен суд Велес за 2021 година, беа спроведени 4 групни јавни набавки и тоа:

- преку Апелациониот суд Скопје, беше спроведена една групна јавна набавка:

1. За хартија за печатење и фотокопирање по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 121.493,00 денари од страна на Основен суд Велес.

- преку Врховниот суд на РСМ, беше спроведена една групна јавна набавка:

1. За сервери за која се уште нема склучен анекс-договор.

- преку Судскиот совет беа спроведени две групни јавни набавки и тоа:

1. За фиксна телефонија по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 22.170,00 денари од страна на Основен суд Велес.
2. За користење на интернет по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 165.932,00 денари од страна на Основен суд Велес.

Во 2021 година од страна на Судски буџетски совет беа обезбедени финансиски средства за капитални расходи и 2 постапки беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Основен суд Велес и тоа:

1. За набавка-замена на канализациона инсталација, беа обезбедени средства во износ од 93.220,00 денари без ДДВ или износ од 110.000,00 денари со ДДВ. Набавката беше спроведена со постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН и склучен е договор на износ од 93.000,00 денари без ДДВ или износ од 109.740,00 денари со ДДВ, со ДТУ ЕВРОСТИЛ извоз-увоз ДОО од Велес, кој е исплатен од Основен суд Велес.
2. За набавка - замена на врати во санитарни јазли, беа обезбедени средства во износ 161.017,00 денари без ДДВ или износ од 190.000,00 денари со ДДВ. Набавката беше спроведена со постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН, за што е склучен договор на сума во износ од 139.320,00 денари без ДДВ или износ од 164.398,00 денари со ДДВ со ДПТУ ЕУРО-ЛЕСНИНА Нухи ДООЕЛ експорт-импорт од Тетово, кој е исплатен од Основен суд Велес.

Претседател на
Основен суд Велес
Лидија Димова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
ВЕЛЕС

Прилог:

ТАБЕЛА
на вработени во судска служба во 2021 година

| Работно место | Предвидени работни места по Правилникот | Пополнето раб. место на почеток на 2021 г. | Пополнето во 2021 год. | Унапредување | Упразнето (пензија и др.) | Број на вработени на крај на 2021 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Раководни судски службеници** | | | | | | |
| Судски администратор | 1 | 1 | | | | 1 |
| Раководител на стручно -правна служба | 1 | - | | | | |
| Раководител на административно-техничка служба | 1 | - | | | | |
| Раководител на оддел-граѓански | 1 | - | | | | |
| Раководител на оддел-кривичен | 1 | - | | | | |
| Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 | - | | | | |
| Раководител на одд. за материјално-финансико работење | 1 | - | | | | |
| Раководител на одделение за информатика | 1 | 1 | | | | 1 |
| **Вкупно:** | **8** | **2** | | | | **2** |
| **Стручни судски службеници** | | | | | | |
| Виш судски советник | 2 | - | | | | |
| Судски советник | 3 | - | | 3 | | 3 |
| Виш судски соработник | 4 | 1 | | | | 1 |
| Судски соработник | 11 | 8 | 1 | -2 | | 7 |
| Помлад судски соработник | 2 | 2 | | -1 | | 1 |
| Советник-информатичар | 1 | | | | | |
| Соработник-преведувач | 1 | - | | | | |
| **Вкупно:** | **24** | **11** | **1** | | | **12** |
| **Помошно -стручни судски службеници** | | | | | | |
| Самостоен судски референт-водител на писарница | 8 | 2 | | | | 2 |
| Самостоен судски референт-прием и експедиција на пошта | 1 | - | | | | |
| Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот | 1 | 1 | - | | | 1 |
| Самостоен судски референт-тех.секретар на судскиот администратр | 1 | - | | | | |
| Самостоен судски референт-координатор на дактилобиро | 1 | - | | | | - |
| Самостоен референт-сметководител | 1 | 1 | | | | 1 |
| Самостоен референт-извршител во одделен. за информатика | 1 | - | - | | | - |
| Виш судски референт-благајник | 1 | - | | | | |
| Виш судски референт -извршител во писарница | 8 | 2 | | 2 | | 4 |
| Виш судски референт-архивар | 1 | - | | | | |
| Виш судски референт-економ | 1 | - | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Судски референт-извршител во писарница | 8 | - | | | | |
| Судски референт-дактилограф | 18 | 11 | | | | 11 |
| Помлад судски референт-извршител во писарница | 8 | 6 | - | -2 | | 4 |
| Помлад судски референт-доставувач | 8 | 4 | | | | 4 |
| **Вкупно:** | **67** | **27** | **-** | | | **27** |
| **Судска полиција** | | | | | | |
| Командир на судската полиција | 1 | 1 | | | | 1 |
| Заменик комндир на судската полиција | 1 | - | | | | |
| Судска полиција | 6 | 6 | | | | 6 |
| **Вкупно:** | **8** | **7** | | | | **7** |
| **Вработени за технички работи** | | | | | | |
| Хаус мајстор | 1 | - | 1 | | | 1 |
| Возач | 1 | - | | | | |
| Оператор на телефонска централа | 1 | - | | | | |
| Одржувач на хигиена | 4 | 3 | | | 2 | 1 |
| **Вкупно:** | **7** | **3** | **1** | | | **2** |
| **ВКУПНО ВРАБОТЕНИ** | **114** | **50** | **2** | 5 | **2** | **50** |